РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 3803/2
15 -01- 2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), 98-та седница, одржано на 11.01.2024 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот бр. 09-3803/1 од 27.07.2023 година, оформен врз основа на пријава од познат подносител против __________, член на Надзорниот одбор на _____________, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметните наводи.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

**Образложение**

ДКСК постапуваше по предмет оформен во Секторот за спречување на корупцијата по предмет бр. 12-2145/1 од 08.06.2021 година по што на колегиум одржан на ден 27.07.2023 година се одлучи да се постапува и во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање, по што се оформи предмет со Службена белешка бр. 09-3803/1 од 27.07.2023 година.

Во однос на постапувањето по овој предмет е донесен заклучок за следното:

- Да се изврши проверка дали лицето ___________ има поднесено Образец изјава за интереси при изборот за извршување на функцијата член на Надзорниот одбор на __________;
- Да се утврди дали и на кои дополнителни функции е именувано истото лице и
- Дали дополнителните функции се пријавени и за нив е поднесен Образец изјава за интереси.

При проверка во Службен весник на РСМ и во Регистарот за именувани и избрани лица се утврди дека лицето ___________ е избран само како член на Надзорен одбор на ___________ со Одлука бр. 02-1007/3 од 06.02.2020 година и не извршува друга функција.

Исто така, ДКСК направи увид во евиденцијата на поднесени изјави за интереси во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање по што утврди дека наведеното лице нема поднесено Образец изјава за интереси, но поради застареност на прекршокот согласно Законот за прекршоците не може да се спроведе постапка за порамнување согласно член 114 став 3 од ЗСКСИ.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно наведеното, ДКСК нема елементи за преземање мерки за натамошно постапување по предметот оформен во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија на седницата одржана на ден 11.01..2024 година одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Б.Ц, советник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: В.Г, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk